НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки

Бр. 16-6162/1

Скопје, 2.3.2021 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

**Предмет:** Барање за доставување податоци

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ги доставите следниве податоци:

1. Износ на кредити (главница) на коишто им бил одобрен грејс период за плаќање на главницата, согласно со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20 и бр. 116/20), распореден според периодот кога истекува одобрениот грејс период (образец бр. 1А и 1Б);

2. Дали банката планира да направи нови промени на договорните услови на кредитната изложеност за одделни групи кредитокорисници, заради полесно надминување на последиците од ковид-кризата? Дали повеќе би биле опфатени правни или физички лица и ориентационо во колкав обем би биле овие промени?

Ве молиме да ги доставите овие податоци и информации до Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки по електронски пат на VaskovM@nbrm.mk, најдоцна до 15.3.2021 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (VaskovM@nbrm.mk).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева